Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16.08.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3749 | 1 | |


ДО

**АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**ПРЕДМЕТ: Забелешки за нацрт-упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците**

Почитувани,

Согласно Вашиот допис, Ве информираме за нашите согледувања и забелешки чија имплементација би значела намалено оптоварување на програмата согласно спецификите на радио програмата. Поради тоа, Ве информираме дека при донесување на конечното упатство и исполнување на обврските за импресиум и информации достапни за корисници **за радио програми**, неопходно е да ги имате предвид следниве укажувања произлезени од искуството на директните извршители-носители на радиодифузна дејност и уредувачи на програма на **Македонското радио – Радио Скопје**, национален јавен сервис на граѓаните:

1.Точка **14** (за информативни емисии)

- да се избрише датум на продукција (ден,месец и година) поради еднократниот карактер на употреба на понудениот материјал (не подлежи на реприза),

2.Точка **15** (за кратки вести)

- Во однос на флеш радио вести,начинот на кое што е ова предочено подразбира бришење на ефектот за куси радио вести.Имајќи ги предвид џингловите и честото повторување на одговорините лица сосема е доволно идентификацијата-џингл да го обезбеди препознавањето на идентитетот на медиумот и предлагаме во кратките **вести да се најави или одјави само подготвувачот и/или презентерот на истите. Еднократната употреба на вестите во конктретно наведениот термин ја изоставува потребата од треминирање со датум и продукција.**

3.Точка **16**

- Поради честото програмско повторување на генералниот импресум, предлагаме во емисиите да биде содржано само **името на уредникот, автор и технички реализатор на емисијата.**

4.Точка 17

- Со оглед на емитувањето на генералниот импресум неколку пати дневно, а особено пред, за време и/или по големите програмски појаси (утринска, ноќна програма,..), предлагаме во емисиите да биде содржано само **името на уредникот, автор и технички реализатор на емисијата**.

Со надеж дека овие укажувања ќе ги уважите, Ви благодариме за соработката.

| | |
|---|---|
| **From:** | contact <contact@avmu.mk> |
| **Sent:** | Thursday, August 16, 2018 12:00 PM |
| **To:** | zaposta@avmu.mk |
| **Subject:** | [Fwd: Zabeleski od MRA-PPS - Radio Skopje] |
| **Attachments:** | радио забелешки.doc |

Automatically forwarded by: contact@avmu.mk
------------- original message --------------
Subject: Zabeleski od MRA-PPS - Radio Skopje
From: Natasa Andreeska <natasa.m.andreeska@gmail.com>
Date: Thu, 16 Aug 2018 11:59:46 +0200
To: contact@avmu.mk

Pocituvani,

Po dobivanjeto na Nacrt-Upatstvoto od Vasa strana ,denes napraviv sostanok so urednicite na programa i redakciite na Prviot programski servis na MRA,Radio Skopje,na koj be izneseni slednite zabeleski , koi veruvam ke bidat prifateni od vasa strana.Vo prilog vi go isprakam na razgleduvanje i se nadevam na razbiranje od Vasa strana.

Odgovoren urednik na PPS na MRA-Radio Skopje
Natasa Andreeska

--
ISP Neotel Skopje
This message has been scanned for viruses and dangerous content by ISP Neotel E-Mail Security System and is believed to be clean.